КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-802
07.12.2015 год.
СКОПЈЕ

Институт за истражувања во животна средина,
градежништво и енергетика - ИЕГЕ
број 0802-95/1
04.12.15 година
Скопје

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, на ден 04.12.2015 година помеѓу

***Институт за истражувања во животна средина, градежништво и енергетика*** (во понатамошниот текст: Институтот), од Скопје, со седиште на ул. Дрезденска 52, претставуван од директорот проф. д-р Ангелина Танева-Вешоска,

и

***Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија***, (во понатамошниот текст: Комората), од Скопје, со седиште на ул. Даме Груев бр. 14-а, претставуван од претседателот на Комората м-р Блашко Димитров.

## I. Општи одредби

**Член 1**

**Цел**

Предмет на овој Меморандум претставува соработката помеѓу Институтот и Комората (во натамошниот текст: страни потписнички на овој Меморандум), заради реализирање на заеднички активности во насока на поврзување на бизнис сектор и високо образование со цел создавање на компетитивни кадри.

**Член 2**

**Активности**

Во насока на остварување континуирана соработка заради остварување на целите од член 1, страните потписнички на овој Меморандум се согласуваат да учествуваат во следните активности:

- Стручни обуки, настани и програми, предавања, семинари, како дел од програмата за доживотно учење;
- Спроведување на заеднички научни и стручни собири, апликативни и стручни проекти;
- Заедничко учество на саеми за кариера и вработување;
- Давање на консултантски услуги;
- Соработка на страните потписнички со други партнери во државата и странство и остварување заеднички активности во полето на науката, истражувањето и образованието.

## II. Спроведување на заеднички научни истражувања, апликативни и стручни проекти

**Член 3**

Страните потписнички на овој меморандум, се согласуваат заеднички да настапуваат заради спроведување апликативни и стручни проекти финансирани од надворешни фондови, со цел подигнување на квалитетот и компетитивноста во работење и усогласување со меѓународни и национални стандарди и правила.

## III. Заедничка организација на Програма за доживотно учење

**Член 4**

Заради спроведување обуки, настани и програми, предавања, семинари, како дел од програмата за доживотно учење, Институтот и Комората се согласуваат да спроведат предавања наменети за инженери.

Активностите од став 1 од овој член ги вршат стручни лица од Инстутот и Комората со минимум 5 години работно искуство и признати експерти од областа.

За вршење на активностите од став 1 од овој член, Комората и Институтот ќе обезбедат просторни и технички услови согласно овој меморандум.

Деталните активностите од став 1 од овој член, ги утврдуваат страните заеднички и во согласност со академскиот календар на страните во рамките на една академска година.

Страните потписнички заедно ќе учествуваат во утврдување на формите за дефинирање на компетитивност потребна за содавање на квалитетен и конкурентен кадар.

**Член 5**

Заради спроведување обуки, настани и програми, предавања, семинари, како дел од програмата за доживотно учење, страните се согласуваат да спроведат обуки за стекнување нови знаења во насока на обезбедување квалитетно и континуирано дообразување преку форми на континуирано формално и неформално образование.

Активностите од став 1 од овој член го врши кадар на страните потписнички на овој Меморандум, кој е стручен во областа за која се бара дополнителна едукација и обука.

Деталните активностите од став 1 од овој член, потребата од обуки и тренинзи и организирање на други форми на дообразување, областите во кои ќе се спроведуваат активностите и начинот на реализација на активностите ги утврдуваат страните заеднички и во согласност со потребите за обуки и форми на дообразување.

Деталните активностите од став 1 од овој член, ги утврдуваат страните заеднички, на заенички предлог и во согласност со нивната програма за зајакнување на капацитетите.

## IV. Заедничко учество саеми за кариера и вработување

**Член 6**

Страните потписнички на овој Меморандум се согласуваат да учествуваат на саем за кариера и вработување со цел:

- да презентираат критериуми за оцена на квалитетен и конкурентен кадар,
- интеракција со студентите со цел истите да добијат на податоци, критериуми и контакт со компанијата како работодавец,
- средба со други компании за проширување на соработката,
- да се сретне со потенцијалните кадри кои бараат работа,
- изведување на иницијален процес на селекција и потенцијална регрутација на дипломирани студенти,
- да соработува за воспоставување на онлајн платформа за саем за кариера и вработување со директен пристап до базата на дипломирани и талентирани студенти.

## V. Консултантски услуги на Институтот и Комората за потребите на компаниите

**Член 7**

Страните потписнички се согласуваат на заедничко учество во елаборирање на студии, планови, стратешки и плански документи, и за давање на други услуги од важност за нејзиното работење.

## VI. Завршни одредби

**Член 8**

Страните потписнички се согласуваат да:

- Обезбедат просторни услови и наставни помагала за изведување на предвидените активности, обуки и тренинзи;
- Ги координираат и навремено ги информираат инженерите за предвидените предавања и за тековните активности;
- Ги координираат и информираат вработените во врска со сите заеднички активности;
- Изготвуваат соопштенија за сите заеднички активности и ги поставуваат на својата интернет страница;
- Обезбедуваат услови за изведување на клиничката настава и истражувања во областа на животна средина, градежништво и енергетика.

**Член 9**

За мониторинг и следење на активностите по основ на овој Меморандум, страните се согласуваат да формираат заедничка комисија за евалуација на соработката и резултатите од истата.

**Член 10**

Содржината на овој Меморнадум може да се менува само со писмена согласност на страните потписнички на овој Меморандум. Истиот може да биде раскинат од кој било потписник по претходна писмена најава од 15 дена.

**Член 11**

Овој потпишан меморандум не носи никакви директни обврски за двете потписнички страни, туку отвора можности за соработка во рамките на одредбите од меморандумот.

Деталните активностите за било која форма на соработка спомената во овој меморандум, ги утврдуваат страните потписнички на овој меморандум заеднички со посебен договор.

**Член 12**

Овој Меморандум ќе биде потишан во 4 идентични примероци од кои по 2 за секоја страна.

**Член 13**

Овој Меморандум стапува на сила од денот на потпишувањето.

**За КОМОРАТА**
**М-р Блашко Димитров,**
Претседател

**За ИНСТИТУТОТ,**
**Проф. д-р Ангелина Танева-Вешоска,**
Директор